**20231482668**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 јули 2023 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 30/23, 42/23, 110/23 и 138/23) во членот 2 став (2) подмерката 1.2. се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за употреба на сертифициран семенски материјал за пченица, јачмен, пченка, сончоглед и маслодајна репка, како и за употреба на сертифициран или несертифициран семенски материјал за ориз | - Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои во производната 2022/2023 година имаат засеани со сертифициран семенски материјал и ожнеани површини со пченица, јачмен, пченка, сончоглед, маслодајна репка и ориз,<br>- Висината на дополнителните директни плаќања за пченица, јачмен и пченка изнесува 7.000 денари по хектар, со употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар, со исклучок на производството за био маса наменето за гасни биоцентрали за кои не се исплаќа поддршка,<br>- Висината на дополнителните директни плаќања за сончоглед и маслодајна репка изнесува 4.500 денари по хектар, со употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар,<br>- Висината на дополнителните директни плаќања за ориз изнесува 12.000 денари по хектар, со употреба на несертифициран семенски материјал и 19.000 денари по хектар со употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално |

| | | |
|---|---|---|
| | | употребената количина на семе по хектар,<br>- Табелата за минимално употребената количина на семе по хектар е дадена во Прилог 3 кој е составен дел на оваа уредба и<br>- Висината на поддршката од алинеите 2, 3 и 4 од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,5 ха до 50 ха 100%, од 50 ха до 100 ха 60% и над 100 ха 30% збирно за ситекултури. |

“.

Подмерката 1.3. се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.3. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за остварено производство на пченица, јачмен, сончоглед, маслодајна репка и афион | - Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои се корисници на подмерка 1.1. од оваа уредба, кои имаат засеани и ожнеани површини со сончоглед, маслодајна репка и афион и оствареното производство го имаат продадено во преработувачки капацитети, вклучително и за потребите на сопствениот преработувачки капацитет, а се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи,<br>- Корисници на оваа подмерка се и земјоделски стопанства кои се корисници на подмерка 1.1. од оваа уредба кои имаат засеани и ожнеани површини со пченица и јачмен и оствареното производство го имаат продадено или складирано кај регистриран откупувач, вклучително и за потребите на сопствениот преработувачки капацитет, а се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи,<br>- Корисници на оваа подмерка се и земјоделски стопанства кои се корисници на подмерката 1.1. од оваа уредба кои своето производство од пченица и јачмен го продале на регистрирани одгледувачи на добиток, вклучително и за сопствени потреби за исхрана на добиток регистриран со регистарски број на одгледувалиште, во регистарот на одгледувачи на животни во Агенцијата за храна и ветеринарство. Прифатлив број на животни на површина од 0,7 хектари: едно говедо или еден копитар, односно 10 овци или кози, односно 4 свињи, односно 100 кокошки, мисирки, гуски, патки или бисерки,<br>-Висината на дополнителните директни плаќања е условена со минимални просечни |

| | | |
|---|---|---|
| | | приноси и тоа: 3.000 кг/ха за пченица и јачмен, 1.500 кг./ха за сончоглед, 1.800 кг/ха за маслодајна репка, 300 кг/ха за афион и<br>- Висината на дополнителните директни плаќања за пченица, сончоглед и маслодајна репка изнесува 6.000 денари по хектар, за јачмен 12.000 денари по хектар и за афион изнесува 18.000 денари по хектар. |

“.

Во подмерката 1.15. во колоната „Поблиски критериуми и висина на директните плаќања“ во алинејата 2 по зборот „произведените“ се додаваат зборовите „или користени за сопствени потреби“.

Во алинејата 3 запирката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

Во алинејата 4 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка.

Алинејата 5 се брише.

Во подмерката 1.19. во колоната „Поблиски критериуми и висина на директните плаќања“ во алинејата 1 по зборот „продаден“ се додаваат зборовите „или користен за сопствени потреби“.

Во алинејата 2 по зборот „продаден“ се додаваат зборовите „или користен за сопствени потреби.“

Во ставот (3) во табелата во подмерката 2.6. во колоната „Поблиски критериуми и висина на директните плаќања“ во алинејата 1 по зборот „лимузин,“ се додаваат зборовите „а буша и други раси или мешавини од различни раси да имаат минимална тежина од 250 килограми“.

Во алинејата 2 по зборот „говедо“ се додаваат зборовите „за следните раси: сименталско, оберинталско, монтафонско, херефорд, шароле, абердин ангус, белгиско плаво и лимузин, а 3.000 денари за следните раси: буша и други раси или мешавини од различни раси“.

Член 2

Прилогот 3 се заменува со нов Прилог 3, кој е составен дел на оваа уредба.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-6870/3
11 јули 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

Прилог 3

Табела за минимално употребената количина на семе по хектар

| Вид | Минимална употребена количина на семе во кг/ха/број на семиња |
|---|---|
| | |
| Пченица | 150 кг/ха |
| Јачмен | 150 кг/ха |
| Пченка | 50.000 семиња или 15 кг/ха |
| Сончоглед | 35.000 семиња или 4,5 кг/ха |
| Маслодајна репка | 500.000 семиња |
| Ориз | 150 кг/ха |